**ЗАПИСНИК**
**од триесет и првата седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 30.09.2019 година**

На триесет и првата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

Поради поднесената оставка од досегашниот претседател Ташко Дојчинов и најавеното отсуство согласно член 33 од Статутот на општина Гевгелија седницата ја отвори највозрсниот член на Совет ,Магдалена Делковска.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков градоначалник на општината, Билјана Арџанлиева вработена во општината,Ана Чугунџалиева вработена во општината, Ирена Томчева вработена во општината,Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, Златко Зумров директор на ЈПКД Комуналец, Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија ,Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци, Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.**

Бидејќи никој немаше забелешка по записникот од триесеттата седница **Советот едногласно го усвои .**

За работа на триесет и првата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија,
2.Предлог-Решение за верификација на мандат на член на Советот на општина Гевгелија,
3.Предлог-Решение за избор на претседател на Советот на општина Гевгелија,
4.Предлог-Одлука за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Гевгелија 2019-2023 година со Водич за имплементација на планот за мерење на постигнувањата во областа на интегрирано образование во општина Гевгелија,
5.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.708/2 КО Моин (барател: Томе Ташев од с.Моин),

6. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.170/1 КО Хума) (барател: Зоран Димитров од Гевгелија),
7. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1069 КО Хума) (барател: Зоран Грозданов од Гевгелија),
8.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2018 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,
9.Предлог-Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,
10.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година,
11.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,
12.Предлог-Решение за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,
13.Предлог-Решение за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година,
14.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018/2019 година,
15.Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019/2020 година,
16.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за зголемување на бројот на деца во групите при ЈОУДГ "Детска радост" - Гевгелија за 2019 година,
17.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија.
Дополнително е доставена точката:
- Предлог-Програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за изработка на ДУП за блок 11.2 од "Тинекс-МТ" ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје).

Бидејќи никој не се јави за збор по расправата од предложениот дневен ред, **Советот со 18 гласа за го усвои дневниот ред.**

**Точка 1. Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија**.

Претседателот на Комисијата за прашања за верификација на мандати,Перо Стојанов го образложи извештајот за престанок на мандатот на членот на Совет,Ташко Дојчинов.

Бидејќи за оваа точка не се води расправа Предлог-Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија се стави на гласање и се усвои од страна на Советот **со 18 гласа "за "** .

**Сашо Поцков градоначалник на општината** –"Ја користам оваа прилика да се заблагодарам за досегашната соработка со десегашниот претседател на Совет, Ташко Дојчинов.Имавме инзворедна соработка ,мислам дека покажа стручност и знаење на водењето на седниците и мислам дека неговото работење беше во интерес на советот да се подигне дигнитетот и уште еднаш ја истакнувам коректноста во досегашната соработка."

**Точка 2. Предлог-Решение за верификација на мандат на член на Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот на Комисијата за прашања за верификација на мандати,Перо Стојанов го образложи извештајот за верификација на мандат на член на Советот на општина Гевгелија.При разгледувањето на доставеното уверение од ОИК од Комисијата е констатирено дека не постојат законски ,статутарни и деловнички пречки за верификација на мандатот на новоизбраниот член на Советот на општина Гевгелија,и на советот му се става на ферификација мандатот на членот , Петар Јанчев.

Советничката Магдалена Делковска отвори претрес по Извештајот и предлогот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија.

Бидејќи никој не се јави за збор Извештајот и предлогот на ферификација на мандатот советничката го стави на гласање и **Советот едногласно ги усвои** и го верифицира мандатот на членот Петар Јанчев.

По верификацијата на мандатот новоизбраниот чкен Петар Јанчев ,согласно член 38 од Законот за локална самоуправа и член 22 од Статутот на општина Гевгелија даде и потпиша свечена изјава.

**Точка 3. Предлог-Решение за избор на претседател на Советот на општина Гевгелија.**

Пред да се премине на доставување на предлози Советот со 17 гласа за изгласи изборот за претседател на Совет да се врши со јавно гласање.

Советничката Магдалена Делковска отвори претрес по точката Предлог-Решение за избор на претседател на Советот на општина Гевгелија и ги повика советниците да достават предлози за претседател на Советот.

**Советникот Александра Караманова** се јави за збор и за претседател на Совет го предложи советникот Тодор Ристов.

**Советникот Ристо Ѓоргиев** се јави за збор и за претседател на Совет ја предложи советничката Магдалена Делковска но советничката не прифати да биде предложена за избор на претседател на Совет и овој предлог не се стави на гласање.

По завршувањето на претресот советничката Магдалена Делковска го стави предлогот на советникот Александра Караманова на гласање и **Советот со 11**

**гласа "за",6 против  и 2 "воздржани"  го усвои** и за  претседател на Советот е избран Тодор Ристов.

По извршениот избор советничката Магдалена Делковска во име на сите членови на Советот му го честиташе изборот и го замоли избраниот претседател на Совет ,Тодор Ристов да си го заземе местото и продолжи со претседавање со седницата .

**Точка 4. Предлог-Одлука за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Гевгелија 2019-2023 година со Водич за имплементација на планот за мерење на постигнувањата во областа на интегрирано образование во општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Гевгелија 2019-2023 година со Водич за имплементација на планот за мерење на постигнувањата во областа на интегрирано образование во општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Билјана Арџанлиева вработена во општината,Тихомир Ручкоманов член на Совет**

По завршувањето на претресот  претседателот  на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Гевгелија 2019-2023 година со Водич за имплементација на планот за мерење на постигнувањата во областа на интегрирано образование во општина Гевгелија и **Советот со 10 гласа "за " и 7 воздржани ја усвои.**

Претседателот предложи  точките 5,6, 7 и 18 да се разгледуваат заеднички а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 5. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.708/2 КО Моин (барател: Томе Ташев од с.Моин).**

Во претресот по овие точки учествуваа: **Ана Чугунџалиева вработена во општината,Ристо Камов член на Совет**

По завршувањето на претресот  претседателот  на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.708/2 КО Моин (барател: Томе Ташев од с.Моин) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.170/1 КО Хума) (барател: Зоран Димитров од Гевгелија)**

По завршувањето на претресот  претседателот  на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.170/1 КО Хума)  (барател: Зоран Димитров од Гевгелија) и **Советот едногласно  ја  усвои.**

**Точка 7. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1069 КО Хума) (барател: Зоран Грозданов од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1069 КО Хума) (барател: Зоран Грозданов од Гевгелија) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за изработка на ДУП за блок 11.2 од "Тинекс-МТ" ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за изработка на ДУП за блок 11.2 од "Тинекс-МТ" ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје).

Во претресот по овие точки учествуваа: **Ирена Томчева вработена во општината,Виктор Кралев,Ристо Камов членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за изработка на ДУП за блок 11.2 од "Тинекс-МТ" ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје) и **Советот со 18 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2018 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2018 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Томе Кичуков,Ристо Камов,Трајко Арџанлиев членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето добивка од 2018 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 17 гласа "за " и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 10. Предлог-Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија ,Тихомир Ручкоманов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност за формирање на паралелки

со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, Марија Магдинчева Шопова,Тихомир Ручкоманов ,Томе Кичуков ,Ристо Ѓоргиев членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 12. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија ,Ристо Камов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот со 18 гласа "за " го усвои.**

**Точка 13. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот со 14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 14. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци, Ристо Кралев,Игор Илков, Зоран Лазаровски,Ристо Ѓоргиев членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година и **Советот со 15 гласа "за " го усвои.**

**Точка 15. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018/2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018/2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија, Андон Сарамандов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018/2019 година и **Советот со 11 гласа "за ,5 против и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 16. Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019/2020 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019/2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија, Ангелинка Петкова,Ристо Ѓоргиев,Игор Илков,Тихомир Ручкоманов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019/2020 година и **Советот со 12 гласа "за и 5 против го усвои.**

**Точка 17. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за зголемување на бројот на деца во групите при ЈОУДГ "Детска радост" - Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за зголемување на бројот на деца во групите при ЈОУДГ "Детска радост" - Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за зголемување на бројот на деца во групите при ЈОУДГ "Детска радост" - Гевгелија за 2019 година и **Советот со 17 гласа за го усвои.**

**Точка 18. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија и **Советот со 17 гласа "за го усвои.**

**Зоран Лазаровски член на Совет** –"Бараме на наредната седница на Совет на општина Гевгелија да има точка Советнички прашања за конечно и ние да поставиме некое прашање ."

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори триесет и првата седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**